Р. Северна Македонија - R. Maqedonia e Veriut
Средно Општинско Училиште
Shkolla e mesme komunale "Pero Nakov
"ПЕРО НАКОВ" - "PERO NAKOV"
Бр.-Nr. 01-387/1
14 05 2026 год.-viti
Куманово - Kumanove

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА СОПСТВЕНАТА РАБОТА И ПОСТИГНУВАЊАТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

**СОУ „Перо Наков“ – Куманово**
**за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година**

Куманово, август 2026

Врз основа на Законот за средното образование и Правилникот за начинот на спроведување на самоевалуацијата, формата, содржината и начинот на изготвување на извештајот за извршената самоевалуација (Сл. Весник на РСМ, бр. 246 од 09.12.2025 година), средното училиште **СОУ „Перо Наков“ – Куманово** спроведе самоевалуација на работата и постигнувањата за учебните 2024/2025 и 2025/2026 година.

За таа цел, директорот на средното училиште формираше Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на средното училиште, во следниот состав: Фросина Јовановска (педагог), Ивана Б.Доцевска (кариерен советник), Гзиме Ајдине (педагог), Мирлинда Реџепи (кариерен советник) и Бранко Зафировски (претседател на Совет на родители).

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од септември 2024 до август 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот кои беа организирани во тимови поделени по подрачја.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет, Комисијата ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај се презентирани описот/резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

**Опис / резиме на подрачјето:**

Во СОУ „Перо Наков“ – Куманово целосно и соодветно се реализираат сите наставни планови и програми одобрени од МОН, БРО и ЦСОО на два наставни јазика (македонски и албански). Училиштето успешно ги имплементира модуларните програми и дуалното образование во соработка со локалните компании. Посебен интерес кај учениците постои за профилите графички дизајн и техничар за е-трговија и дигитален маркетинг. Училиштето негува високо ниво на мултикултурализам, меѓуетничка соработка и еднакви можности, поддржано од функционална инклузивна служба и редовна примена на е-дневникот.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Целосна реализација на НПП од МОН, БРО и ЦСОО на два наставни јазика.<br>• Успешно функционирање на модуларните програми и дуалното образование. | • Недостиг на соодветни и современи печатени учебници за одредени стручни предмети.<br>• Потреба од дополнително осовременување на кабинетите со нови софтвери и хардвер. |

| | |
|---|---|
| • Голем интерес за профилите графички дизајнер и техничар за е-трговија и дигитален маркетинг.<br>• Високо ниво на мултикултурализам, меѓуетничка соработка и еднакви можности.<br>• Функционална инклузивна служба, системска изработка на ИОП.<br>• Висок степен на примена на дигитални алатки и користење на е-дневник.<br>• Одлична соработка со над 30 бизнис партнери.<br>• Бројни Erasmus+ проекти и воннаставни активности. | • Недоволна финансиска поддршка за издавање на печатен училиштен весник.<br>• Ниско директно учество на родителите со конкретни предлози за измени на наставните програми.<br>• Ограничени средства за поддршка на сите социјално загрозени ученици при воннаставни активности. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Осовременување на наставните материјали: Покренување иницијативи до ЦСОО и МОН за обезбедување дигитални материјали за стручните модули.

• Доопремување на кабинетите: Набавка на нови графички таблички и лиценциран софтвер (Adobe, сметководствени програми) за практична настава.

• Поголема вклученост на родителите: Организирање тематски трибини со Советот на родители за предлози околу слободните часови/СПУ.

• Проширување на дуалното образование: Потпишување нови меморандуми за соработка со нови компании од регионот.

• Поддршка за социјално ранливи ученици: Обезбедување средства за нивна целосна инклузија во сите проекти, екскурзии и воннаставни активности.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис / резиме на подрачјето:**

Училиштето бележи позитивен тренд во подобрувањето на постигнувањата на учениците, намалување на вкупниот број неоправдани изостаноци и зголемување на бројот на запишани ученици преку воведување нови образовни профили. Забележани се значителни подобрувања во условите за работа (заменети сите прозорци и реновирани училници, воведени смарт табли). Воспоставен е успешен систем за идентификација и поддршка на ученици со посебни образовни потреби (ПОП), како и за подготовка за државна и училишна матура и воннаставни натпревари.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Зголемување на бројот на запишани ученици и воведување нови образовни профили. | • Потреба од изнаоѓање стратегија за задржување и зголемување на бројот на ученици и нивната редовност. |

| | |
|---|---|
| • Намалување на бројот на вкупно направени изостаноци споредбено со претходната учебна година.<br>• Подобрување на трендот на постигнувањата на учениците по пол, наставни предмети и квалификациони периоди.<br>• Воспоставен успешен систем на соработка со психолошко-педагошката служба.<br>• Континуирано информирање на учениците и родителите за постигнувањата преку е-дневник.<br>• Континуирано оценување и вложување напори за подобрување на постигањата.<br>• Модернизација на дидактички-техничкиот пристап (воведени смарт табли) и организација на додатна/дополнителна настава.<br>• Систем за идентификација и целосна поддршка на ученици со посебни образовни потреби (ПОП).<br>• Подготовка за полагање државна и училишна матура, учество на проекти, натпревари и соработка со невладини организации.<br>• Подобрени просторни услови (обновени прозорци и реновирани училници). | • Потреба од подобрување на квалитетот на наставата преку разновидни и интерактивни наставни методи.<br>• Потреба од поголема соработка со локалната самоуправа за практична настава во претпријатија.<br>• Недостаток на развиени проширени програми и соодветен простор за работа со талентирани и надарени ученици.<br>• Непристапност на одредени кабинети за ученици во инвалидска количка.<br>• Нецелосно прифаќање на учениците со ПОП од страна на дел од наставниците и соучениците.<br>• Недоволна вклученост на учениците во дискусии и предлози околу наставата и оценувањето. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Поголема вклученост на учениците во процесот на оценување и преземање на одговорност за сопствениот успех.

• Изнаоѓање стратегија за подобрување на квалитетот на наставата во насока на примена на различни наставни методи и техники.

• Изнаоѓање стратегија и поефикасни начини за зголемување на бројот на ученици и зголемување на редовноста.

• Обучување на наставниците за работа со ученици со ПОП и подобрување на просторните услови и помагала.

• Обезбедување на простор во училиштето за реализација на проширени програми за напредни и надарени ученици.

• Поголема соработка со локалната самоуправа околу изведување практична настава во претпријатија.

• Поголема едукација и примена на тимска работа за подобро разбирање меѓу сите ученици и наставници.

## Подрачје 3: Учење и настава

**Опис / резиме на подрачјето:**

Наставниот процес се одвива со целосна реализација на предвидените програми. Направена е целосна дигитализација на дневните подготовки во електронска форма. Кадарот покажува висока мотивираност за стручно усовршување (обуки GOPA, Junior Achievement, Erasmus+ и др.). Училиштето располага со силен инклузивен систем (ИОП, дефектолог, асистенти, ромски медијатор), како и интернационализација преку волонтер од Peace Corps (САД). Инфраструктурата е значително подобрена со реновирани објекти, ИКТ опрема и уреден зелен двор.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Целосна реализација на наставните програми по сите предмети во 2024/2025 и 2025/2026 година.<br>• Дигитализација на документацијата – сите дневни подготовки се изготвуваат во електронска форма.<br>• Висока мотивираност на кадарот за учество во национални и меѓународни обуки.<br>• Проактивност и волонтерски ангажман на професорите по македонски јазик за одржување на библиотеката.<br>• Силен инклузивен систем со ИОП, дефектолог, лични образовни асистенти и ромски медијатор.<br>• Интернационализација на наставата со ангажман на волонтерот Зои Кормикан од Peace Corps (САД).<br>• Формализиран тространен систем за оценување на Учењето преку работа (УПР) со компании (КУПР).<br>• Одлични инфраструктурни услови: реновиран објект, ИКТ опрема (паметни табли), нови музички инструменти и уреден двор.<br>• Развиена ученичка соработка преку хуманитарни базари, еко-акции, Ученичка заедница и Кариерен центар.<br>• Систематско известување на родителите преку е-дневник и родителски средби. | • Недостиг на официјално одобрени учебници за одредени предмети по новите модуларни програми.<br>• Организациски притисок врз распоредот поради УПР (згуснување на часовите во 4 дена со по 8–9 часа дневно).<br>• Нецелосна кадровска екипираност – недостасува предвидено работно место „Библиотекар“ во актот за систематизација во настава на македонски јазик.<br>• Санација, обелување и техничко опремување на кабинетот по англиски јазик.<br>• Недоволен фонд на задолжителни лектири и стручна литература во училишната библиотека.<br>• Голем административен товар и обемна педагошка документација поврзана со УПР.<br>• Нецелосна усогласеност на критериумите за оценување кај дел од наставниците по сродни предмети.<br>• Нередовно присуство на дел од родителите на организираните родителски средби. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Иницирање официјално барање до МОН за измена на актот за систематизација за отворање работно место „Библиотекар“ во паралелки на македонски наставен јазик.

• Организирање училишна акција „Подари книга за поубав ден во библиотека“ со Советот на родители и бизнис партнерите.

• Санација, обелување и техничко опремување на кабинетот по англиски јазик.

• Опремување на наставничките кабинети со нови фотокопири и печатачи за оптимизација на материјалите за УПР.

• Дигитализација и оптимизација на административните протоколи за УПР за намалување на бирократскиот товар.

• Проширување на мрежата на компании за УПР и потпишување нови меморандуми за соработка.

• Искористување на новоуредениот зелен училиштен двор како „училница на отворено“.

• Уредување на холот на училиштето со постојана изложбена поставка на ученички изработки.

• Оптимизација на неделниот распоред на часови за рамномерно дневно оптоварување на учениците.

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

**Опис / резиме на подрачјето:**

Училиштето посветува посебно внимание на здравјето, хигиената, заштитата од болести и еко-стандардите. Функционира организирано кариерно советување и професионална ориентација. Се обезбедува континуирана поддршка за ученици со емоционални потешкотии и се води индивидуална евиденција за напредокот. Како слаби страни се забележуваат недостатокот на лифт за лица со инвалидитет и високиот број неоправдани изостаноци.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Грижа за здравјето, хигиената, заштитата од болести и доследно спроведување на еко-стандардите.<br>• Организирано професионално и кариерно насочување на учениците за понатамошно образование и вработување.<br>• Континуирана грижа и поддршка за учениците со емоционални потешкотии. | • Недостаток на лифт за лица со посебни потреби / инвалидитет.<br>• Голем број неоправдани изостаноци, како резултат на комбинација од намалена мотивација кај дел од учениците, недоволно развиени работни навики, слаба комуникација помеѓу родителот и училиштето, како и недостаток на навремени превентивни механизми за интервенција при првите знаци на несоодветна редовност. |

| | |
|---|---|
| • Систематско следење на напредокот на учениците преку водење индивидуална евиденција и анализи по паралелки.<br>• Одржување задоволителна хигиена во сите училишни простории, спортската сала и дворот. | |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

## Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис / резиме на подрачјето:**

Училиштето се одликува со позитивна училишна клима, високо ниво на меѓусебно почитување, еднаквост и отвореност кон заедницата. Ажурирани се дигиталните канали за комуникација (веб-страница, социјални мрежи) и успешно се промовираат постигањата. Како предизвици се издвојуваат недостатокот на посебна просторија за прием на родители, недостиг на специјализирани кабинети за странски јазици и потреба од подобрување на механизмите за јавно признание на наставниците.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Зголемен број активности за подобрување на имиџот на училиштето.<br>• Високо ниво на меѓусебно почитување меѓу сите субјекти (ученици, наставници, родители).<br>• Почитување на еднаквоста и правичноста без разлика на пол, етникум и социјално потекло.<br>• Изразена отвореност за соработка со локалната и бизнис заедницата.<br>• Активно промовирање на личните и училишните постигања.<br>• Уредена и пријатна средина за учење и функционален Кодекс на однесување.<br>• Ажурирана веб-страница и профили на социјалните мрежи.<br>• Учество во проекти на локално, национално и меѓународно ниво. | • Недостаток на посебна просторија за индивидуален прием на родители.<br>• Недостиг на специјализирани училници за изборна настава и странски јазици.<br>• Недоволно ефикасни механизми за целосно санкционирање на нередовноста кај учениците.<br>• Потреба од подобрување на механизмите за јавно признание и промоција на успешните наставници.<br>• Делумна пасивност на одреден дел од родителите во образовниот процес. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Анализа и мерки за изостаноците: Детална анализа на причините за изостаноците и преземање конкретни чекори за подобрување на дисциплината.

• Унапредување на соработката со родителите: Воспоставување помодерни и поефикасни канали за комуникација и подлабоко нивно вклучување.

• Стандардизација на оценувањето: Задолжително изготвување конкретни критериуми за оценување по секоја тема врз основа на пропишаните стандарди.

• Техничко осовременување: Набавка на современи нагледни средства и машини за изведување практична настава во сите стручни профили.

• Обогатување на библиотечниот фонд: Набавка на стручна литература и нови лектирни изданија на македонски јазик, како и комплетирање на фондот во дислоциран објект за паралелки на албански јазик.

## Подрачје 6: Ресурси

### Опис / резиме на подрачјето:

СОУ „Перо Наков“ располага со соодветни просторни капацитет во два објекта (матичниот објект и дисперзираниот проект), добро опремени кабинети и работилници за стручно образование (текстил, обувки, ИКТ). Се спроведува систематско следење на професионалниот развој на наставниците. Училиштето е финансиски стабилно без долгови. Слабост претставува ограниченоста на библиотечниот фонд и разликите во опременоста меѓу двете училишни згради.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Соодветни просторни капацитети (2 објекта).<br>• Добро опремени кабинети и работилници за стручно образование (текстил, обувки, ИКТ).<br>• Систематско следење на професионалниот развој на наставниците.<br>• Финансиска стабилност и редовно измирување на сите обврски (без долгови).<br>•Поставените соларни панели директно помагаат во ублажување на високите трошоци за електрична енергија | • Ограничен фонд на стручна литература во библиотеката.<br>• Училишната сала во настава на македонски јазик не е поврзана со затоплување на гас<br>• Недоволно развиени дигитални вештини кај дел од наставниот кадар и потреба од подлабока обука за примена на инклузивни образовни практики во училницата. |

### Приоритети / Препораки за Развојниот план:

• Осовременување на библиотечниот фонд: Зголемување на бројот на стручни наслови и современа лектирна литература на двата наставни јазици.

• Континуирано инвестирање во ИКТ: Благовремена замена на застарената компјутерска опрема во кабинетите.

• Подобрување на условите во сите објекти: Понатамошно изедначување на просторните и техничките услови меѓу матичниот објект и дисперзираниот објект.

• Проширување на обуките за наставниот кадар: Организирање насочени интерни обуки за дигитални вештини и инклузивни образовни практики.

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики

**Опис / резиме на подрачјето:**

Училиштето има воспоставен функционален систем на управување и раководење, кој се темели на транспарентност, тимска работа и почитување на законските прописи. Развојното планирање се заснова на реални потреби и приоритети. Постои добра соработка со МОН, локалната самоуправа и бизнис секторот. Ограничувања постојат во однос на буџетот за современи дигитални средства, асистивна технологија и средства за наградување на најуспешните ученици и наставници.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Јасно дефинирани надлежности и одговорности на органите на управување и раководење.<br>• Ефикасна организација на работата на раководниот тим и редовно одржување на состаноци.<br>• Високо ниво на соработка помеѓу раководниот тим, наставниците, родителите и учениците.<br>• Транспарентно донесување одлуки и навремено информирање на сите чинители.<br>• Активна тимска работа при планирањето и реализацијата на училишните активности.<br>• Добра соработка со локалната самоуправа, МОН и деловната заедница.<br>• Континуирано следење на потребите од наставни средства и материјално-техничка опрема.<br>• Рационално користење и редовно одржување на училишната опрема.<br>• Подобрени инфраструктурни услови во училиштето.<br>• Почитување на законските прописи и воспоставените процедури. | • Недоволен буџет за набавка на современи наставни средства и опрема.<br>• Недоволна техничка опременост за ученици со посебни образовни потреби.<br>• Ограничени материјално-технички услови за работа со талентирани ученици.<br>• Недоволни финансиски средства за континуирано стручно усовршување на наставниот кадар.<br>• Недоволно активно вклучување на претставниците од локалната заедница во развојните активности.<br>• Недоволно развиен систем за наградување и мотивација на учениците со значајни резултати.<br>• Недоволна практика за наградување на најуспешната паралелка според успех и поведение. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Обезбедување дополнителни финансиски средства за набавка на современи наставни средства, дигитална опрема и наставни помагала.

• Подобрување на условите за инклузивно образование преку набавка на соодветна опрема и асистивна технологија.

• Унапредување на условите за работа со талентирани ученици преку современа опрема и поддршка.

• Обезбедување повеќе можности за стручно усовршување на наставниот кадар преку обуки и меѓународни проекти.

• Продлабочување на соработката со локалната самоуправа и бизнис-секторот за материјална и стручна поддршка.

• Воспоставување систем за наградување на учениците со значајни постигнувања на натпревари и проекти.

• Воведување традиционална награда за најуспешната паралелка според успех, поведение и учество.

• Континуирано следење на реализацијата на Развојниот план и периодично евалуирање на постигнатите резултати.

## Подрачје 8: Соработка со пазарот на труд

**Опис / резиме на подрачјето:**

Процесот на учење преку работа (УПР) во училиштето е добро организиран и успешно се реализира со над 30 бизнис партнери. Назначени се координатори и ментори, изработени се чек-листи и евалуациски механизми, а работодавачите даваат високи оценки за спремноста на учениците. Како простор за подобрување се дефинираат поголемото информирање на родителите, зголемување на бројот на сертифицирани ментори во компаниите и следење на вработливоста на матурантите.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Воспоставен систем за планирање, организација и реализација на УПР согласно законските прописи.<br>• Потпишани меморандуми за соработка и договори со голем број работодавачи.<br>• Добра соработка помеѓу училиштето, наставниците, координаторите и работодавачите.<br>• Назначени координатори и наставници-ментори за следење на процесот на УПР. | • Недоволна информираност и вклученост на родителите за целите и придобивките од УПР.<br>• Дел од учениците стекнуваат искуство само во ограничен број работни процеси.<br>• Недоволен број сертифицирани ментори кај одредени работодавачи.<br>• Ограничен број компании што можат да понудат практична обука за сите образовни профили. |

| | |
|---|---|
| • Изработени програми, планови и распоред за реализација на УПР.<br>• Редовно следење на напредокот на учениците преку дневници и чек-листи за вреднување.<br>• Стекнување на стручни и клучни компетенции усогласени со стандардите за квалификација.<br>• Стекнатите практични знаења се усогласени со теоретската настава.<br>• Позитивна оценка од работодавачите за подготвеноста и ангажираноста на учениците.<br>• Применливост на стекнатите компетенции во реални работни услови и континуирана евалуација. | • Потреба од поголема координација и редовна комуникација меѓу наставниците и менторите кај одделни компании.<br>• Недоволно учество на учениците во планирањето и евалуацијата на процесот на УПР.<br>• Потреба од почесто следење на ефектите од практичната обука врз вработливоста по завршување на образованието. |

**Приоритети / Препораки за Развојниот план:**

• Зајакнување на соработката со работодавачите преку проширување на мрежата на компании и склучување нови договори.

• Подобрување на информираноста на родителите преку организирање информативни средби и презентации за УПР.

• Зголемување на бројот на сертифицирани ментори кај работодавачите преку соработка со надлежните институции.

• Подобрување на квалитетот на практичната обука преку опфаќање поширок спектар на работни процеси и технологии.

• Унапредување на координацијата помеѓу наставниците, координаторите и менторите преку редовни состаноци.

• Континуирано следење и евалуација на постигнатите компетенции преку јасни критериуми и чек-листи.

• Следење на вработливоста на учениците по завршување на образованието за унапредување на програмите.

• Поголемо учество на учениците во процесот на самоевалуација преку редовно прибирање мислења и иницијативи.

## ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

• Обезбедување дигитални материјали и соодветна литература за сите стручни модуларни предмети во соработка со ЦСОО и МОН.

• Техничко осовременување и доопремување на сите кабинети и работилници (компјутерска опрема, графички таблички, лиценцирани софтвери и асистивна технологија).

• Инфраструктурна санација и подобрување на пристапноста за лица со посебни потреби (изградба на лифт/рампи и прилагодени тоалети).

• Зајакнување на механизмите за превенција од изостаноци преку задолжителен систем за брзо известување на родителите.

• Воспоставување организирана поддршка за талентирани и надарени ученици преку обезбедување соодветни просторни и материјални услови.

• Проширување на соработката со бизнис секторот, зголемување на бројот на сертифицирани ментори и следење на вработливоста на матурантите.

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата:**

______________________Фросина Јовановска (педагог)

______________________Ивана Б. Доцевска (кариерен советник)

______________________Гзиме Ајдини (педагог)

______________________Мирлинда Реџепи (кариерен советник)

______________________Бранко Зафировски (претседател на Совет на родители)